



## ДЕЛ ОД МОНОГРАФИЈАТА „ВО ЧЕСТ НА СВЕТИТЕ КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ОД Д-Р ВЕРА СТОЈЧЕВСКА – АНТИЌ И СЛАВЕ НИКОЛОВСКИ – КАТИН

Традиционалната манифестација „Во чест на свети Кирил" се одржа по 20-ти пат во Рим, од 22 до 26 мај. Оваа манифестација опфати поголем број приеми, разговори, приредби и предавања поврзани со дејноста на свети Кирил, со македонски и југословенско-италијански врски и, посебно, со македонската култура.

Годинешната делегација ја предводеше претседателот на Извршниот совет на Собранието на СР Македонија м-р Глигорие Гоговски, а во неа се наоѓаа уште д-р Борис Петковски, претседател на Републичката комисија за културни врски со странство и Ратко Бутулија, потпретседател на Извршниот совет на Собранието на СР Србија. На *„Деновите"* присуствуваше и делегација на Македонската православна црква на чело со полошко-кумановскиот митрополит г. Кирил, како и протоѓаконот Александар Цандовски.

На првиот ден на престојот делегацијата беше примена во одделна аудиенција кај папата Јован Павле II. Притоа, шефот на делегацијата м-р Глигорие Гоговски на папата (Карел Војтила) му предаде библиофилски примерок од преводот на неговата книга *„Поезија"* што на македонски јазик што ја издаде *„Македонска книга"* од Скопје . На папата Јован Павле II, исто така, му беше предаден и избор од поезијата на досегашните добитници на Златниот венец на Струшките вечери на поезијата, а

членот на делегацијата Ратко Бутулија на папата Јован Павле II му ја предаде монографијата
*„800*
години на манастирот „Студеница".

Притоа, обраќајќи му се на папата, шефот на делегацијата м-р Гоговски му изрази благодарност за гостопримството и помошта што Ватикан ја укажа во изминатите две децении во оддавањето почит на сесловенскиот просветител свети Кирил, чие огромно дело ја збогати ризницата на културата на целиот свет.

- Во изминатите *20* години благодарејќи на поддршката на Ватикан, нагласи претседателот Гоговски , на достоинствен начин беа претставени многу вредни остварувања на културата на нашите народи и народности, а во тие рамки и јазикот и современите дострели на дел од творештвото создадено во многувековното постоење на македонскиот народ.

Заблагодарувајќи се, папата Јован Павле II го истакна значењето на светите браќа Кирил и Методиј за писменоста и културата на сите словенски народи и за негување на споменот за нив преку културата, особено од македонскиот народ, затоа што тоа, истовремено, е и најзначаен момент за зачувување на самобитноста.

Папата Јован Павле II се интересираше за тоа каде се живее македонскиот народ. Претседателот Гоговски го информира дека македонскиот народ живее во СР Македонија и дека постои многубројно македонско малцинство во СФРЈ, Грција, Бугарија и Албанија, како и многубројно иселеништво во прекуокеанските земји - Австралија, Канада, САД и во западноевропските земји.





**Пишува: СЛАВЕ КАТИН**